Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
MINISTRIA E KULTURËS
СКОПЈЕ-SHKUP
18.10.2022
03-265

До

Министерство за култура

на Република Северна Македонија

(пратено преку имејл slavedimitrov@gmail.com)

03/28
18.10.2022

БАРАЊЕ

Од [redacted]

Почитувани,

Со Ваше Известување УП1 03-4 од 10.04.2022 изработено од Рејхан Абдулова, службено лице во МК, потпишано од Министер Бисера Костадиновска – Стојчевска, ме известивте дека (цитирам) :

"Министертсвото за култура донело Решение за овластување за вршење повторен управен надзор на Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" Скопје УП1 53-65 од 21.04.2022 година со кое овласти државни службеници вработени во Министерството за култура да извршат повторен надзор во Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" Скопје од аспект на постапката за разрешување на Претседателот на Управниот одбор и Претседателот на Собранието."

Меѓутоа, и покрај тоа што изминаа пет месеци од донесувањето на *Решението за овластување за вршење повторен управен надзор на Здружението за заштита на авторски музички права "ЗАМП" Скопје УП1 53-65 од 21.04.2022* од ваша страна до мене не се доставени никакви информации во врска со извршениот повторен надозор согласно наведеното Решение од 21.04.2022.

Оттаму, пред согласно Законот за пристап до информаци да доставам барање да доставување на Записникот од извршениот надзор согласно наведеното Решение на МК УП1 53-65 од 21.04.2022

Ве молам итно да ме известите од дали страна на овластените државни службеници вработени во Министерството за култура е постапено по наведеното Решение, особено што во ситуација како што бевте известени дека управните органи на ЗАМП

- спротивно на законите и на начелото на отчетност и транспарентност исплатата на авторските надоместоци за 2021 година ја извршиле без должната согласност на Надзорниот одбор на ЗАМП;

- незаконски (си) ги зголемиле хонорарите за 100%, со што потрошиле повеќе од дозволените 15% од прибраните средства согласно членот 144 од ЗАПСП, што се потврдува од ревизорскиот извештај за 2021 година од месец мај 2022;

- спротивно на член 50 од Статутот, за изгубени тужби од трети лица, одлучиле ЗАМП да плати околу 150.000 евра, од средствата кои требаше да се распределат на авторите, што се потврдува од Пресудите ПЛ1-ТС-1989/17 од 05.01.2022 г. на Основен граѓански суд Скопје и УПРЖ бр.86/2021 од 21.10.2021 г. на Вишиот Управен суд

Скопје, 07 октомври 2022

Со почит,

Архивски знак_____
Рок на чување_____год.
_____20___ год.
Потпис,
_____

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
УП1 бр. 03-261
30. 11 2022 год.

Скопје

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на лицето [redacted] од Скопје, УП1 бр.03-261 од 18.10.2022 година, министерот за култура го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

за посредување по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од страна на лицето [redacted] од Скопје, УП1 бр.03-261 од 18.10.2022 година, (во натамошниот текст: барател на информација) до Министерството за култура **СЕ ПРИФАЌА.**

Со Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата се бара следната информација:

-Записник од извршениот надзор согласно Решението на МК УП1 53-35 од 21.04.2022 година.

Барателот на информацијата побара информацијата да му биде доставена на електронска адреса.

Министерството за култура на електронска адреса [redacted] во прилог на ова Решение доставува:

- Извештај од извршен увид УП1 бр.53-65 од 14.06.2022 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Лицето [redacted] од Скопје, поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под УП1 бр. 03-261 од 18.10.2022 година, со кое ја побара саканата информација да биде доставена на електронска адреса:

Записник од извршениот надзор согласно Решението на МК УП1 53-35 од 21.04.2022 година.

Постапувајќи по Барањето, а во согласност со членот 20 став (1) од Законот, според кој ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение, Министерството за култура одлучи како во диспозитивот на ова Решение и **на Барателот на информацијата му ја** даде бараната информација содржана во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Согласно членот 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерството за култура на __.__.2022 година, под УП1 бр. 03-261.

МИНИСТЕР
Бисера Костадиновска - Стојчевска

Подготвил: Ана Кардула, службено лице

Архивски знак:_____
Рок на чување:_____год
_____20____год
Потпис,

ИЗВЕШТАЈ
од извршен увид

УП1 бр. 53-65

Датум:14.06.2022година

1) Податоци за субјектот од извршениот увид

Назив на субјектот	Здружение за ЗАШТИТА НА АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА ЗАМП – Скопје
Седиште/адреса на субјектот	ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 28, IV кат, Скопје
Адреса за е-пошта	zamp@zamp.com.mk
Телефон	02/3122-301, 078/225-406
ЕМБС на субјектот	5201250
Даночен број на субјектот	4030998346739
Број на жиро-сметка на субјектот	300000000271635
Банка депонент	Комерцијална банка АД–Скопје

Одговорно лице на субјектот:

Име и презиме: Владимир Дојчиновски, претседател на Управниот одбор на ЗАМП	Телефон: 078/264-827	Е-пошта: mksound1@gmail.com

2) Податоци за извршениот увид

Датум на почеток на извршениот увид	30.05.2022 г.	Време на почеток на извршениот увид	10:00 ч.
Датум на завршување на увид	14.06.2022 г.	Време на завршување на увид	15:00 ч.
Приоритетна дејност/главна приходна шифра, на субјектот на надзорот	69.10/4 – Други правни работи, врз основа на Решението за давање дозвола за колективно управување бр. 54-5454/1 од 08.04.2011 г., издадено од Министерството за култура на РСМ (во натамошниот текст: МК)		

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Извршениот увид е извршен врз основа на:

- Решение за овластување за вршење повторен управен надзор на Здружението за заштита на авторските музички права ЗАМП – Скопје УП1 бр. 53-65 од 21.04.2022 г., донесено од министерот за култура и Решение за измена на Решение за овластување за вршење повторен управен надзор УП1 бр.53-65 од 30.05.2022 г.

4.)Увидот е извршен од:

-Владимир Попоски, раководител на Секторот за инвестициски прашања, претседател;
- Бранко Костовски, раководител на Секторот за општи работи, член и
-Сабина Синан, раководител на Сектор за управен и инспекциски надзор, член.

За почетокот на вршењето на увидот, субјектот е известен со Допис УП1 бр. 53-65 од 20.05.2022 г., со закажан термин на ден 25.05.2022 г., но по писмено Барање на ЗАМП бр. 03-770/1 од 23.05.2022 г., за одлагање на закажаниот увид, поради веќе закажаните работни обврски на овластеното лице и „кусиот рок за подготовка на документацијата неопходна за вршење на увидот „поради претстојниот државен празник 24-Мај Ден на „Св. Кирил и Методи" - неработен ден", терминот е презакажан за ден 30.05.2022 г., а за што е известен ЗАМП со Допис УП1 бр. 53-65 од 30.05.2022 година.

5.)Предмет на увидот:

Предмет/задача: повторен увид во документацијата на Здружението за заштита на авторските музички права ЗАМП – Скопје (во натамошниот текст: ЗАМП), во врска „со Претставката бр. 08-432 од 03.08.2021 г поднесена од Славко Димитров до Министерството за правда, а потоа препратена до МК и заведена под наш арх.бр.УПП бр.03-4 од 17.03.2022 година.

Видно од извршениот увид во горецитираната Претставка поднесена од Славко Димитров до Министерството за правда се констатира дека барателот со истата не бара вршење на повторен управен надзор во однос на законитоста на актите донесени од Собранието на ЗАМП за разрешување на претседател на Собранието и на Претседателот на УО на ЗАМП како и на изборот на новите претседатели на наведените тела, туку во Претставката бара:

- да се подготви и поднесе Информација до Владата на РСМ, како надлежна да врши „надзор над работата на министерствата", во врска со „упорното

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

заобиколување на правдата од страна на овластени службени лица од Министерството за култура за решавање на барањето за итен инспекциски надзор (ИП бр. 57-81 од 21.11.2020 г.), и барањето (бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г.), да се исправи Записникот бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г., поднесени до Министерството за култура, од страна на подносителот на оваа Претставка, како и во врска со непостапувањето на Министерството за култура по барањето за вршење вонреден управен надзор ИП1 бр. 53-81-435 од 30.03.2021 г., поднесено до Државниот управен инспекторат, кое согласно со член 40 став 7 од Законот за општата управна постапка е препратено до Министерството за култура и до Владата на РСМ, како орган надлежен да врши надзор над работата на министерствата...", како и дека „министерка за култура во врска со напред наведеното одбива да одговори на дописот-барањето од 30.03.2021 г., насловено „МК подржува злоупотреби"...."

Додека видно од барањето на Славко Димитров заведено во МК под УП1 бр.53-65 од 21.03.2022 година до Секторот за нормативно управни работи и авторско право и сродните права, подносителот бара повторување на постапката по барањето за вршење на итен инспекциски надзор во ЗАМП бр.ИП1 57-39 од 26.04.2021 поради целосно погрешно утврдена фактичка состојба, а во врска со решението на МК УП1 53-121 од 21.05.2021 г за овластување за вршење управен надзор во ЗАМП за оценување на законитоста на општата пресметка за распределба на прибрани авторски надоместоци за 2020 година....во насока дали овластените лица од МК утврдиле дека ЗАМП односно потписниците на општата пресметка за распределба на прибраните авторски надоместоци го повредиле начелото на отчетност и транспарентност утврдено во членовите 132, 133, 147 и 135 став 5, 6, 7 и 10 од ЗАПСП и член 2 и 9 од Статутот на ЗАМП.

Со Решение УП1 бр. 53-65 од 21.04.2022 г., овластените лица се задолжуваат да извршат повторен управен надзор и за повторниот управен надзор во ЗАМП да изготват Записник, најдоцна до 09.06.2022 г., којшто поради објективни причини, со Решение УП1 бр. 53-65 од 30.05.2021 г., е продолжен заклучно со 16.06.2022 г., а записникот да го достават до Министерот за култура, до ЗАМП и до подносителот на барањето, Славко Димитров...

Основ: член 80 од Законот за културата („Службен весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 153 став (2), член 156 став (1) и член 181 од Законот за авторското право и сродните права, односно надзор над актите и работењето на организацијата за колективно управување и согласност на актите

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

(општ или поединечен), и на работењето согласно со ЗАПСП, со дозволата, со статутот, односно со договорот за основање или општите акти за прибирање и распределба на надоместоците,

6.) За време на увидот, субјектот беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
Владимир Дојчиновски, претседател на Управен одбор на ЗАМП	078/ 264 - 827	mksound1@gmail.com

7) За време на увидот (на ден 30.05.2022 г.), беа присутни и следниве лица:

Ред. бр.	Име и презиме/својство	Телефон/мејл
1.	Антонета Токовска Котевска, в.д. директор на Стручната служба на ЗАМП	078/ 225 - 407 antoneta.tokovska@zamp.com.mk
2.	Владимир Доневски, адвокат од Скопје	075/432 – 280 vladimir.donevski@donevski-lawfirm.com

*Со Одлука на УО на ЗАМП бр. 02-805/4 од 02.12.2020 г., лицето Нина Ивановска е отповикана од функцијата вршител на должност директор на ЗАМП, по поднесено Барање бр. 03-711/1 од 15.11.2021 г., а со Одлука на УО на ЗАМП бр. 02-805/5 од 02.12.2020 г.; Антонета Токовска Котевска, вработена во стручната служба е именувана за вршител на должност на ЗАМП, сметано од 01.01.2022 г., до избор на директор на ЗАМП.

8) Овластените лица кои го извршија увидот, пред почетокот, на субјектот му ги презентираа целите и предметот/опфатот на увидот.

9) Од увидот во доставената документација со допис УП1 бр.53-65 од 03.05.2022 година добиена од Секторот за нормативно управни работи и авторско право и сродните права, и документација добиена од ЗАМП, се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Статут на ЗАМП бр. 354-1-0201 од 19.11.2013 г.;
- Деловник за работа на Собранието на ЗАМП бр. 255-2-0201 од 15.06.2011 г.;
- Деловник за работа на УО на ЗАМП бр. 292-1-0202 од 06.07.2011 г. ;

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Деловник за работа на Надзорниот одбор на ЗАМП (во натамошниот текст: НО) бр. 284-1-0203 од 05.07.2011 г.;
- Записник од 4-та седница на НО на ЗАМП бр. 0203-373/1 од 08.10.2020 г.;
- Одлука бр. 0203-374/1 од 08.10.2020 г.;
- Е- маил комуникација од 08.10.2020 г.;
- Записник од 6-та итна седница на Собранието на ЗАМП од 14.10.2020 г. со бр. 0201-378/2 од 15.10.2020 г.;
- Записник од продолжение на 6-та итна седница на Собранието на ЗАМП од 26.10.2020 г., со бр. 0201-406/1 од 30.10.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-392/1 од 27.10.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-395/1 од 27.10.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-396/1 од 27.10.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-398/1 од 27.10.2020 г;.
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-399/1 од 27.10.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-400/1 од 27.10.2020 г;.
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-232/1 од 28.05.2019 г.,
- Одлука бр. 0201-379/1 од 15.10.2020 г.;
- Одлука бр. 0201-380/1 од 15.10.2020 г. ;
- Е- маил комуникација од 19.10.2020 г.;
- Е-маил комуникација од 19.10.2020 г.,;
- Е-маил комуникација од 16.10.2020 г.;
- Известување од членовите на Собранието на ЗАМП од 19.10.2020 г. (вибер порака);
- Е- маил комуникација од 20.10.2020 г.;
- Записник за констатирана состојба бр. 03-370/1 од 29.09.2020 г.;
- Е-маил комуникација од 01.10.2020 г.,;
- Записник за констатирана состојба бр. 03-387/1 од 22.10.2020 г.;
- Известување од Славко Димитров од 22.10.2020 г.;
- Одлука бр. 0201-393/1 од 27.10.2020 г. ;
- Почетно изјаснување на претседателот на УО на ЗАМП на првичната средба одржана на 10.03.2020 г., со претставници на членките на ММА, иницирана од ЗАМП согласно член 139 став (5) од важечкиот ЗАПСП од 10.03.2020 г.;

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Е- маил комуникација од 10.03.2020 г.;
- Писмено известување од претставници на членките на ММА вв со утврдувањето на висина на авторски надоместок за 2020 год.:
- Е-маил комуникација од 17.03.2020 г.;
- Предлог одговор до ММА од 18.03.2020 г.;
- Е- маил комуникација од 18..03.2020 г.;
- Анекс кон дозвола за емитување на програма;
- Анекс кон договор за емитување по пат на радио и телевизија на музички несценски дела.;
- Договор за утврдување друга форма различна од формата утврдена во член 135 став (6) од ЗАПСП на овој член на доставување на податоци за емитувани авторски дела.;
- Е- маил комуникација од 24.09.2020 г.;
- Е- маил комуникација од 28.09.2020 г.;
- Одлука бр. 0201-59/1 од 26.02.2020 г.;
- Одлука бр. 0202-210/1 од 11.06.2020.г.;
- Генерално полномошно од 01.08.2019 г.;
- Допис бр. 03-488 од 09.03.2020 г., за повлекување на издаденото Генерално полномошно од 01.08.2019 г.:
- Генерално полномошно од 09.03.2020 г;.
- Одлука бр. 0202-208/1 од 11.06.2020 г.;
- Одлука бр. 0201-257/1 од 26.06.2020 г;.
- Одлука бр. 0202-287/1 од 21.07.2020 г.;
- Барање од Славко Димитров до Статутарната комисија преку Георги Барбаровски, претседател на Комисијата;
- Е- маил комуникација од 19.09.2020 г.;
- Допис од Асоцијација за колективно управување со сродните права на уметниците – изведувачи и произведувачи на фонограми „ШПАТО" , бр. 03-957/1 од 11.07.2019 г.;
- Меморандум за разбирање – нацрт;
- Допис бр. 03-303/1 од 17.07.2019 г;.
- Заклучок на УО донесен на 2-та седница на УО од 15.07.2019 г.;

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Тековна состојба бр. 0805-50/150020200187029 од 13.08.2020 г.;.
- Записник од 5-та седница на Собранието бр. 0201-378/1 од 15.10.2020 г.:
- Одлука бр. 0202-288/1 од 21.07.2020 г.,

како и

- Записник за извршен управен надзор на МК бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г.,
- Записник за извршен инспекциски надзор на Државен управен инспекторат ИП 1 бр. 08-435 од 14.04.2021 г.,
- Допис ИП1 бр. 57-39 од 14.05.2021 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК,
- Допис ИП1 бр. 57-81 од 12.11.2020 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК,
- Допис ИП1 бр. 57-67 од 05.08.2021 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК,
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-61/1 од 26.02.2020 г.;
- Одлука на УО на ЗАМП бр. 02-805/4 од 02.12.2020 г.;
- Одлука на УО на ЗАМП бр. 02-805/5 од 02.12.2020 г.;
- Одлука на Собранието на ЗАМП бр. 0201-61/1 од 26.02.2020 г.,
- е-мејл комуникација од 16.01.20202 г.,
- Тековна состојба бр. 0805-50/150020220126217 од 13.05.2022 г., издадена од ЦРРСМ, Скопје.

Врз основа на извршениот увид во горенаведените списи и акти, како и разговорите со присутните лица од ЗАМП (на ден 30.05.2022 г.), е утврдена следната фактичка состојба:

Вовед:

1.) До МК, со Барање заведено во МК под бр. 53-81 од 02.11.2020 г., за вршење итен инспекциски/управен надзор во ЗАМП, се обрати Славко Димитров, за оценување на поединечните акти, односно одлуки на Собранието на ЗАМП, донесени на седницата одржана на 26.10.2020 година.

2.) По горецитирано Барање, од страна на МК, преку овластените лица - државни службеници од Секторот за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права согласно со Решението за овластување за вршење управен надзор

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

во ЗАМП бр. 53-1659/1 од 09.02.2021 г., е извршен управен надзор на постапката за донесување на одлуките на Собранието на ЗАМП, на седницата одржана на 26.10.2020 година.

За извршениот управен надзор е составен Записник бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г., со којшто е констатирано дека „постапката за донесување одлуки на Собранието на ЗАМП, на седницата одржана на 26.10.2020 г., во основа била спроведена во согласност со Статутот на ЗАМП, Правилникот за работа на Собранието, како и другите акти." При тоа, со истиот Записник „...имајќи го предвид членот 32 став 2 од Статутот на ЗАМП (Пречистен текст) бр. 354-1-0201 од 19.11.2013 г., според кој, со Деловникот за работа на Собранието на Здружението поблиску се уредуваат условите, постапката, роковите и други услови за отповикување на членовите на УО и НО, и покрај одредбата од ставот 1 на наведениот член од Статутот, со кој отповикувањето на членовите и пред истекот на мандатот се врши на начин и постапка утврдена за нивниот избор," е укажано „дека е потребно подетално/поблиско доуредување на одредбите за разрешување на членови на наведените органи пред истекот на нивниот мандат во Деловникот за работа на Собранието на Здружението."

Незадоволен од наодите на државните службеници во МК, истиот Барател побара и исправка на Записникот бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г., за што со Допис бр. 53-3040/9 од 26.07.2021 г., од МК е доставен одговор, со којшто е појаснето дека „...согласно со член 14 став 7 од Статутот на ЗАМП бр. 354-1-0201 од 19.11.2013 г. – Пречистен текст, начинот на свикување и водење на седницата поблиску се уредува со Деловникот за работа на Собранието. Според член 5 став 6 од Деловникот за работа на Собранието на ЗАМП бр. 255-2-0201 од 2011 г., кога Претседателот е отсутен, должностите и правата ги врши член на Собранието овластен од страна на Претседателот. Според Одлуката на Собранието на ЗАМП бр. 0201-232/1 од 28.05.2019 г., овластен е соодветен член на Собранието, што во отсуство на Претседателот на Собранието на ЗАМП ги врши должностите и правата на Претседателот на Собранието." Понатаму, според Дописот „не постои основа МК да изврши исправка на Записникот бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г., поради непостоење погрешно утврдена фактичка состојба".

3.) Со Допис УПП бр. 08-129 од 14.03.2022 г., заведен во МК под УПП бр. 03-4 од 17.03.2022 г., од страна на Министерството за правда, на надлежност до МК е препратена ПРЕТСТАВКАТА, поднесена од Славко Димитров до Министерството за правда, заведена под нивен УПП бр. 08-432 од 03.08.2021

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

година. Со предметната Претставка, подносителот од Министерството за правда, побарал да се подготви и поднесе Информација до Владата на РСМ, како надлежна да врши „надзор над работата на министерствата", во врска со „упорното заобиколување на правдата од страна на овластени службени лица од Министерството за култура за решавање на барањето за итен инспекциски надзор (ИП бр. 57-81 од 21.11.2020 г.), и барањето (бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г.), да се исправи Записникот бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г., поднесени до Министерството за култура, од страна на подносителот на оваа Претставка, како и во врска со непостапувањето на Министерството за култура по барањето за вршење вонреден управен надзор ИП1 бр. 53-81-435 од 30.03.2021 г., поднесено до Државниот управен инспекторат, кое согласно со член 40 став 7 од Законот за општата управна постапка е препратено до Министерството за култура и до Владата на РСМ, како орган надлежен да врши надзор над работата на министерствата...", како и дека „министерка за култура во врска со напред наведеното одбива да одговори на дописот-барањето од 30.03.2021 г., насловено „МК подржува злоупотреби"...."

Во врска со горенаведените наводи од Претставката, за „упорното заобиколување на правдата од страна на овластени службени лица од Министерството за култура за решавање на барањето за итен инспекциски надзор..." и за „барањето да се исправи Записникот бр. 53-3043/3 од 25.03.2021 г.", утврдено е дека подносителот на Претставката, покрај горецитираниот Допис бр. 53-3040/9 од 26.07.2021 г., **на Секторот за нормативно-управни работи и авторското право и сродните права на** МК, уредно и навремено е известен и од страна на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК со следните дописи: ИП1 бр. 57-39 од 14.05.2021 г., ИП1 бр. 57-81 од 12.11.2020 г. и ИП1 бр. 57-67 од 05.08.2021 г., меѓудругото за делокругот на надлежностите на инспекторите за култура утврдени во Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), и Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019), како и интерните акти за систематизација на работните места и за внатрешна организација на МК, а во врска со Законот за општата управна постапка („Сл. весник на РМ" бр. 124/2015), и Законот за оганизација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и Сл. весник на РСМ" бр. 96/19 и 110/19), за вршење **на инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа во културата**, односно дека не се надлежни да вршат управен надзор над донесените поединечни, односно конкретни акти и тоа по Законот за авторското право и сродните права, за чиешто спроведување и

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

примената не се надлежни да вршат, ниту инспекциски надзор во врска со работењето на организацијата за колективно управување.

4.) Според наводите од Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр. 08-435 од 14.04.2021 г., од страна на Државниот управен инспекторат при извршениот инспекциски надзор над МК-Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права, во однос на утврдување на фактот дали е постапено по Барањето бр. 53-81 од 02.11.2020 г., поднесено од Славко Димитров, за утврдување на законитоста односно согласноста на оспорените одлуки (поединечни акти), донесени на седницата на Собранието на ЗАМП на 26.10.2020 г., меѓудругото констатирано е следново: „Со оглед на тоа што во конкретниот предмет надзорот предвиден во Дел 4 – **Контрола и надзор над работењето на организацијата од Законот за авторското право и сродните права, од страна на управниот инспектор констатирано е дека не претставува инспекциски надзор согласно со одредбите од Законот за инспекциски надзор, туку претставува посебен надзор предвиден со материјалниот закон,** како и во членот 38 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Државниот управен инспекторат не е надлежен да постапува и да презема понатамошни инспекциски дејствија согласно со овластувањата утврдени во Законот за управната инспекција."

Постапка, во којашто се донесени одлуките од Собранието на ЗАМП, на седницата одржана на 26.10.2020 година

1.) На ден 08.10.2020 г., одржана е 4-та итна седница на НО на ЗАМП, за којашто е составен Записник бр. 0203-373/1 од 08.10.2020 г. (присутни: Ванчо Тарабунов, претседател и членовите Влатко Стефаноски и Зоран Џорлев, а отсутен Ефто Пупиноски).

На истата седница е донесена Одлука бр. 0203-374/1 од 08.10.2020 г., за свикување седница на Собранието на ЗАМП на која ќе се разгледува работата на УО на ЗАМП и на претседателот на УО, за ден 14.10.2020 г., со почеток во 18.00 часот, со единствена точка на дневниот ред: разгледување на работата на УО на ЗАМП и на Претседателот на УО на ЗАМП.

Со е - маил комуникација од 08.10.2020 г,; доставена е покана со дневен ред и известувањето за одржана седница на НО и Одлуката бр. 0203-371/1 од 08.10.2020 г., со која биле известени сите членови на Собранието. Имено, според член 14 став 6

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

од Статутот на ЗАМП е предвидено дека „Седница на Собранието може да свика и Надзорниот одбор, кога се работи за работата на Управниот одбор", а според член 30 став 1 од истиот Деловник, Надзорниот одбор врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на Здружението во согласност со закон и овој Статут.

Согласно со член 8 од Деловникот за работа на Собранието, седниците се свикуваат со писмена покана. Статутот поблиску не ја определува содржината на писменото известување.

2.) Согласно со горецитираната Одлука на НО на ЗАМП, за свикување седница на Собранието на ЗАМП на ден 14.10.2020 г., одржана е 6-та итна седница на Собранието на ЗАМП, за којашто е составен Записник бр. 0201-378/1 од 15.10.2020 г. (според Записникот: присутни 14 члена, вклучително и претседателот Живоин Глишиќ, а отсутен членот Александар Масевски, при што било констатирано полноважно мнозинство /кворум), со следниот Дневен ред: Разгледување на работата на УО на ЗАМП и на работата на претседателот на УО на ЗАМП. На седницата, по службена должност биле присутни и Славко Димитров, претседател на УО на ЗАМП и Ванчо Тарабунов, претседател на НО (и членовите Зоран Цорлев и Ефто Пулиновски). Претходно, по поднесената оставка на Томислав Которчевиќ од 16.01.2020 г., со Одлука бр. 0201-61/1 од 26.02.20220 г., е прифатена оставката на овој член на Собранието на ЗАМП.

Според Записникот од истиот датум, на членовите на Собранието им бил прочитан Записникот на НО, по што се развила широка дискусија, како за иницираните прашања од НО, така и за прашањето за (не)овластеното поседување на бази на податоци на ЗАМП на УСБ од страна на претседателот на УО. На гласање се ставени повеќе предлози од кои два не го добиле потребното мнозинство, додека два добиле соодветно мнозинство, за што се донесени: Одлуката бр. 0201-379/1 од 15.10.2020 г. и Одлуката бр. 0201-380/1 од 15.10.2020 г., потпишани од Претседателот на Собранието.

Со Одлуката бр. 0201-380/1 од 15.10.2020 г., е задолжен УО да се произнесе во однос на произнесувањето на Стручната служба за работата на УО и на Претседателот на УО, и истото, да биде правно поткрепено и да се достави до Собранието на ЗАМП најдоцна 3 дена пред одржувањето на продолжување на истата Седница на Собранието, закажано за 26.10.2020 г., со почеток во 18.00 часот. Ставот за одложување на продолжението на 6-та итна седница на Собранието за ден 26.10.2020 г., бил усогласен во присуство на 14 членови на Собранието, меѓу

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

кои и на Претседателот на Собранието. За свиканата седница гласал и Претседателот на Собранието, додека со Одлуката бр. 0201-379/1 од 15.10.2020 г., е одлучено да се поведе судска постапка против сопственикот на УСБ-то Славко Димитров и НН сторители.

3.) Седницата од 26.10.2020 г., свикана од страна на НО согласно со член 14 став 6 од Статутот и член 7 став 4 од Деловникот за работа на Собранието, била продолжение на шестата итна седница која се одржала на 14.10.2020 г. и за истата е составен Записник под бр. 0201-406/1 од 30.10.2020 г. (според Записникот од 15.10.2020 г., продолжението било закажано и од страна на Претседателот на Собранието со соодветна одлука).

На Седницата одржана на 26.10.2020 г., од вкупно 16 членови на Собранието, присутни биле 11 члена при што било констатирано полноважно мнозинство/кворум, по што се пристапило кон одржување на продолжението на закажаната шеста итна седница. Собранието полноважно работи ако се присутни повеќе од половината од членовите на Собранието од вкупниот број на членови, согласно со член 22 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на ЗАМП.

Според Записникот од продолжението на шестата итна седница, за точниот утврден датум, час и место, на соодветен начин, утврден со Статут и Деловник за работа на Собранието, биле известени сите членови на Собранието, (според член 8 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на ЗАМП, „седниците се свикуваат по писмена покана", а според ст. 2 на истиот член „Поканата за седницата го содржи дневниот ред, времето и местото на одржување на истата и се доставува најдоцна 3 дена пред одреденият ден за нејзино одржување).

Според Записникот, врз основа на Одлуката на Собранието на ЗАМП бр. 0201-232/1 од 28.05.2019 г., донесена на првата седница на Собранието на ЗАМП одржана на ден 27.05.2019 г. и член 5 став 6 од Деловникот за работа на Собранието, според којшто кога претседателот на Собранието е отсутен, правата и должностите на водење со седницата го врши член на Собранието овластен од Претседателот, на ден 26.10.2020 г. Борче Нечовски ја водел Седницата на Собранието на ЗАМП.

Во текот на дискусиите се воделе и дискусии и за дополнување на дневниот ред на Седницата, согласно членот 16 ставови 2 и 3 од Деловникот за работа на Собранието.

Дополнителниот дневен ред е донесен согласно утврдената постапка со Деловникот за работа на Собранието, но и со соодветно мнозинство за утврдување на дополнување на дневниот ред. Воедно во дискусиите е утврдено

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

дека УО во дадениот рок од Одлуката бр. 0201-380/1 од 15.10.2020 г., потпишана од Претседателот на Собранието, не се произнел во однос на произнесувањето на Стручната служба за работата на УО и на Претседателот на УО.

На седницата на Собранието на ЗАМП од 26.10.2020 г., биле донесени следните одлуки:

- Одлука, заведена под дел. бр. 0201-392/1 од 27.10.2020 г., за разрешување на Славко Димитров, од член на УО и за разрешување од Претседател на УО, за чие донесување гласале 10 члена и 1 бил воздржан,

-Одлука, заведена под дел. бр. 0201-393/1 од 27.10.2020 г., со којашто Славко Димитров, се задолжува веднаш да го врати печатот на ЗАМП, во просториите на ЗАМП, за чие донесување гласале сите присутни 11 члена,

-Одлука, заведена под дел. бр. 0201-398/1 од 27.10.2020 г., за разрешување и отповикување на Живоин Глишиќ од Претседател на Собранието на Здружението, за чие донесување гласале 9 члена, 1 член бил против и 1 воздржан,

Одлука, заведена под дел. бр. 0201-396/1 од 27.10.2020 г., за избор на Претседател на УО на ЗАМП, за чие донесување гласале 9 члена, а 2 биле воздржани.

-Одлука, заведена под дел. бр. 0201-399/1 од 27.10.2020 г., за избор на Борче Нечовски за Претседател на Собранието, за чие донесување гласале 8 члена, 2 биле против и 1 воздржан,

-Одлука, заведена под дел. бр. 0201-400/1 од 27.10.2020 г., со којашто е овластен членот на Собранието на ЗАМП – Сашо Ливриниќ, да ги врши правата и должностите на Претседателот на Собранието, кога е отсутен, за чие донесување гласале 8 члена, 2 биле против и 1 воздржан.

Поради претходно наведената одлука била донесена и Одлука да се формира Комисија која ќе изврши проверка во документацијата изготвена од стручната служба за исполнување на критериумите на кандидати на членови на УО, согласно со членовите 11, 12, 13 и 14 од Деловникот за работа на Собранието и да го спроведе самото гласање на член на УО.

4.)Меѓу останатите одлуки, новоименуваните членови на органите на одлучување на Здружението биле задолжени да ја извршат измената на овластено лице и во Регистарот на други правни лица при Централниот регистар на РСМ. Постапувајќи по пријавата за упис на промена на УО од 30.10.2020 г., на 25.11.2020 г. донесено е Решение под дел. бр. 30120200014955 со кое се запишува промената на овластеното лице, во Регистарот на здруженија и сојузи, се брише лицето

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Славко Димитров како Претседател на УО и се запишува новоименуваниот Претседател на УО на ЗАМП, лицето Владимир Дојчиновски.

5.) На ден 02.04.2021 г., до Основното јавно обвинителство Скопје, преку полномошникот – Адвокатско друштво ДОНЕВСКИ од Скопје, поднесена е Кривична пријава против Славко Димитров, затоа што „На ден 29.09.2020 г., во просториите на ЗАМП Скопје бил затекнат приватен носач на податоци USB memory stick VERBATIM 32 GB со фајл систем FAT32 во сопственост на пријавениот Славко Димитров, на кој пријавениот неовластено држел компјутерски податоци од базата на податоци за автори и авторски дела која како структурирана колекција на лични податоци неопходни за колективно управување на авторските музички права ја води пријавителот ЗАМП Скопје, заштитени согласно со член 33 став 5 од Статутот на ЗАМП Скопје и член 44 од Правилник за распределба на авторските надоместоци на ЗАМП Скопје", а на ден 29.11.2021 г. и Кривична пријава против истото лице, затоа што „Во својство на Претседател на Управниот одбор на ЗАМП Скопје, на која службена положба бил назначен во периодот од 27.05.2019 г., до 26.10.2020 г. ги пречекорил границите на своето овластување и постапил спротивно на член 6 став 1 од Статутот на ЗАМП Скопје и член 21 став 2 од Уредбата за канцеларско и архивско работење, на начин што неовластено изготвил втор округол печат на Здружението и со истиот неовластено се послужил така што го изнел надвор од регистираното седиште и канцеларииите на ЗАМП Скопје", по што изготвениот печат „противправно" го искористил.

6.) По поднесената Иницијатива од Славко Димитров од Скопје, до Уставниот суд на РСМ, на седницата одржана на 24. јуни 2021 г., од страна на Уставниот суд на РСМ, донесено е Решение У. бр. 301/2020 од истиот датум, да НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 50 став 1 од Статутот на Здружението за заштита на авторски музички права бр. 352-10201 од 19.11.2013 г. и СЕ ОТФРЛА Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на:

- Одлуката бр. 0201-392/1 од 27.10.2020 г., со која се разрешува од член и од претседател на Управниот одбор на Здружението ЗАМП г-н Славко Димитров;
- Одлуката бр. 0201-393/1 од 27.10.2020 г., со која се задолжува Славко Димитров веднаш да го врати печатот на Здружението ЗАМП во службените простории на Здружението ЗАМП;

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Одлуката бр. 0201-395/1 од 27.10.2020 г., со која се избира за член на Управниот одбар на Здружението ЗАМП Ѓуро Павловски;
- Одлуката бр. 0201-396/1 од 27.10.2020 г., со која се избира Владимир Дојчиновски за претседател на Управниот одбор на Здружението ЗАМП;
- Одлуката бр. 0201-398/1 од 27.10.2020 г., со која се разрешува и отповикува од претседател на Собранието на Здружението ЗАМП Живојин Глишиќ;
- Одлуката бр. 0201-399/1 од 27.10.2020 г., со која се избира за претседател на Собранието за ЗАМП Борче Нечовски;
- Одлуката бр. 0201-400/1 од 27.10.2020 г., со која се овластува членот на Собранието на Здружението ЗАМП Сашо Ливрински да ги врши правата и должностите во отсуство на претседателот на Собранието со одлука на Собранието на Здружението ЗАМП;
- Одлуката бр.0201-401/1 од 27.10.2020 г., со која за потписници на жиро сметка на Здружението ЗАМП се овластуваат претседателите и овластените лица на Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор на Здружението ЗАМП како и в.д. директорот на Здружението ЗАМП со одлука на Собранието на Здружанието ЗАМП и тоа на начин за износ до 60.000,00 денари поединечно (самостојно) и за износ над 60.000,00 денари заеднички (колективно) со два потписа;
- Одлуката на Управниот одбор на Здружението ЗАМП од Скопје, од 23.12.2020 г., со која не се усвојува иницијативата на членот на Управниот одбор Георги Барбаровски за носење одлука за измени и дополнувања на Правилникот за распределба на авторските надоместоци, и
- Одлуката на Собранието на ЗАМП од 11.03.2021 г., со која не се усвојува жалбата на членот на Управниот одбор Георги Барбаровски против Одлуката на Управниот одбор на Здружението ЗАМП од 23.12.2020 година.

Според горецитираното Решение на Уставниот суд на РСМ, „Имајќи ги предвид, карактерот и содржината на оспорените одлуки, сметаме дека истите не претставуваат пропис подобен за уставно-судска оцена. Поаѓајќи од правните елементи коишто го определуваат прописот кој треба да содржи општи норми на однесување, да уредува односи на субјектите во правото на општи начин и на неопределен број на субјекти во правото, во конкретниот случај, од содржината на оспорените акти, неспорно произлегува дека станува збор за поединечни конкретни акти со коишто се уредуваат односи помеѓу Здружението и членовите на неговите органи, со истите се врши избор и разрешување на

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

членови на органите на Здружението, односно претставуваат акти кои се однесуваат на конкретно лице, односно член на Управниот одбор на Здружението." Оттука, со оглед на тоа што „оспорените акти не се прописи во смисла на членот 110 од Уставот на РСМ, туку се поединечни, односно конкретни акти", судот утврди дека се исполнети условите од член 28 алинеја 1 од Деловникот на Судот, за отфрлање на иницијативата во овој дел.

Додека, во врска со наводите во Иницијативата со кои се оспорува согласноста на член 50 став 1 од Статутот на Зружението со член 144 став 6 од Законот за авторско право и сродни права, Судот утврди дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба од член 50 став 1 на Статутот на Здружението со уставните одредби, со став дека при тоа треба да се има предвид следново: „Во член 110 алинеја 7 од Уставот се определува дека Уставниот суд одлучува за уставноста на статутите на здруженијата на граѓаните.Согласно утврдените надлежности од член 110 алинеја 7 од Уставот произлегува дека Уставниот суд, е надлежен да ја оценува, покрај другото, согласноста на статутите на здуженијата на граѓаните со Уставот на РСМ, а не и нивната согласност со закон. Во конкретниот случај, станува збор за статут на здружение на граѓани. Па оттука, меѓусебното оценување на законитоста на оспорената одредба од член 50 став 1 од Статутот на Здружението со член 144 став 6 од Законот за авторско право и сродни права не е во надлежност на Судот."

***

Констатации:

1.Според член 5 став 6 од Деловникот за работа на Собранието на ЗАМП бр. 255-2-0201 од 15.05.2011 г, кога претседателот е отсутен, должностите и правата ги врши член на Собранието овластен од страна на претседателот, а според член 17 од истиот Деловник, седниците на Собранието ги отвара и со нив раководи претседателот или друго овластено лице согласно со овој Деловник, додека според член 14 став 7 од Статутот на ЗАМП, е предвидено дека „Начинот на свикување и водењето на седницата поблиску се уредува со Деловникот за работа на Собранието", но видно од Одлуката бр. 0201-232/1 од 28.05.2019 г., Борче Нечовски се избира за овластен член кој ќе ги свикува седниците на Собранието на ЗАМП во отсуство на претседателот на Собранието на ЗАМП, од што се констатира дека од ваквата одлука не произлегува и правото на Борче Нечовски

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

како член овластен од страна на претседател на Собрание на ЗАМП во негово отсуство да ги врши правата и должностите на претседател на Собрание на ЗАМП во врска со член 5 став 6 од Деловникот за работа на Собранието на ЗАМП.

2. Постапувајќи по пријавата на ЗАМП, за упис на промена на УО од 30.10.2020 г., од страна на ЦРСМ, РРК - Скопје, на ден 25.11.2020 г. донесено е Решение под дел. бр. 30120200014955, со кое се запишува промената на овластеното лице на ЗАМП, во Регистарот на здруженија и сојузи, се брише податокот за лицето Славко Димитров како Претседател на УО и се запишува новоименуваниот Претседател на УО на ЗАМП, лицето Владимир Дојчиновски.

3. По поднесената Иницијатива од Славко Димитров од Скопје, на седницата одржана на 24. јуни 2021 г., од страна на Уставниот суд на РСМ, донесено е Решение У. бр. 301/2020 од истиот датум, да НЕ СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста на член 50 став 1 од Статутот на ЗАМП бр. 352-10201 од 19.11.2013 г. и СЕ ОТФРЛА Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста, меѓудругото и на: Одлуката бр. 0201-392/1 од 27.10.2020 г., со која Славко Димитров се разрешува од член и од претседател на УО на ЗАМП; Одлуката бр. 0201-393/1 од 27.10.2020 г., со која се задолжува Славко Димитров веднаш да го врати печатот на ЗАМП во службените простории на ЗАМП; Одлуката бр. 0201-396/1 од 27.10.2020 г.) со која се избира Владимир Дојчиновски за претседател на Управниот одбор на ЗАМП; Одлуката бр. 0201-398/1 од 27.10.2020 г., со која се разрешува и отповикува од претседател на Собранието на ЗАМП Живојин Глишиќ и Одлуката бр. 0201-399/1 од 27.10.2020 г., со која се избира за претседател на Собранието за ЗАМП Борче Нечовски, од причина што истото не е во надлежност на Уставниот суд.

4.Од извршениот увид во доставената документација, се констатира и дека барателот Славко Димитров нема поведено судска постапка за заштита на своите права пред надлежен граѓански суд во насока на оценување на законитоста на одлуките за кои сметал дека се незаконски донесени.

5. Од извршениот увид во доставената документација, се констатира дека во Претставката УПП 03-4 од 17.03.2022 година, која е причина за предметниот увид, не е содржано барање за преиспитување на постапката за разрешување на претседатели на органите на здружението.

***

Предлози:

1.Овластените службени лица предлагаат Министерството за култура да донесе акт со кој ќе го задолжи Собранието на Здружението за заштита на авторските

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk